

Театарот при Домот на културата „Иван Мазов - Климе“ Кавадарци, со претставата „Пасивно пушење“ ќе реализира гостување во соседна Албанија.

Поточно, на 27 јули 2018, ќе настапи на Манифестацијата “Македонско културно лето 2018“, во Пустец, Мала Преспа.

Инаку оваа Манифестација се одржува по единаесети пат, на неа годинава учествуваат повеќе професионални театари од Македонија, а кавадаречкиот Театар по втор пат учествува на истата.

